# ЛАТИНСКИ И СТАРОГРЧКИ ЦИТАТИ

**Repetitio est mater studiōrum**
**(Повторувањето е мајка на знаењето)**
римски философ и сенатор Марк Тулиј Кикерон

**Omnia vincit Amor**
**(Љубовта победува сè)**
римски епски поет Публиј Вергилиј Марон

**Non scholae sed vitae discimus**
**(Не учиме за училиштето, туку за животот)**
римски философ Лукиј Анај Сенека

**Mens sana in corpore sano**
**(Здрав дух во здраво тело)**
римски лирски поет Јувенал

Τὰ πάντα ῥεῖ καὶ οὐδὲν μένει
**(Сè тече и ништо не останува)**
хеленски философ Хераклит

Ἄνθρωπος μέτρον τῶν πάντων
**(Човекот е мерка на сите нешта)**
хеленски философ Протагора

Γνῶθι σεαυτόν
**(Запознај се самиот себеси)**
натпис над храмот на Аполон во Делфи

## Упатство за домашна работа во групи:

Четири ученика да работат заедно на една хамер-хартија за да направат „папирусен лист“ со латински и старогрчки поговорки. Во првиот чекор, со помош на запалка рабовите на хамер-хартијата да бидат малку загорени за да наликуваат на трошен папирусен лист. **Во овој чекор нека учествува родител или друго постаро лице кое со внимателна употреба на запалката ќе ги загорува рабовите на хамер-хартијата!** Во вториот чекор, насловот и сите поговорки (со преводот и имињата на авторите) да се напишат со молив, точно да се одреди проредот на поговорките. Во третиот чекор, да се украси насловот во одредени бои со фломастери (или маркери), а потоа поговорките да се испишат САМО со црн фломастер (или маркер) за да бидат повпечатливи (со подебел слој боја) од преводот и имињата на авторите. Доколку постојат услови за тоа, постерот може да се врами со дрвени прачки (во горниот и долниот дел), а на горната прачка да се постави врвка која ќе го држи хамерот на ѕид.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND